Убавото секогаш се бара, секогаш се сака

Спасовден, ден не работен, ден за одмор ден за рекреација. Токму така, членовите на македонското здружение Даме Груев го искористија овај празник во едно заедничко дружење и со едно дневно крстарење со бродовите на Викинг,
Ова по малку не обично, но сакано, дружење се повторува и тоа по барање на членовите. Знаејќи како си поминавме во првото вакво наше дружење, желбата да се повтори беше голема кај речиси сите членови. Овај пат за споредба со првиот пат посетата беше побројна, а и расположението уште поголемо и по весело.
На ваквите средби, средби без записник, се појавуваат и разноразни желби и предлози за нови форми на дружења. Се размислува за некои подалечни патувања или излети во места кои се интересни и места кои не сме ги виделе, а живееме толку многу години во оваа наша втора татковина.
Управниот Одбор ја поздравува оваа добро посетена дружба и секогаш сто на располагање да ги послуша сите желби и предлози, а ако е можно и тие предлози да ги претвори во дела.